# ОТЧЕТ

## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС 2014

www.veles.gov.mk

# ОТЧЕТ

## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 2014

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Драги сограѓани,

На крајот на календарската 2014 година гордо можам да изјавам дека со Ваша поддршка, со помош и соработка на сите институции, установи, јавни претпријатија, Советот на Општина Велес и несебичното залагање на тимот во општинската администрација, успеавме да постигнеме видливи резултати.

Проектите што ветивме дека ќе ги реализираме во 2014 година, ги реализиравме. Ако ги споредите планирањата зацртани во програмите на општината и проектите реализирани и претставени во овој отчет ќе забележите дека сме направиле и многу, многу повеќе. Иако нашиот акцент беше ставен на создавањето услови за локален економски развој и инфраструктура, со исто внимание посветено работевме во сите области што се делокруг на нашите надлежности.

Најголема мотивација бевте Вие почитувани граѓани, особено младите велешани кои заслужуваат да живеат во средина што ги задоволува сите стандарди на квалитетен и модерен урбан простор, Вашата безбедност, здравје и образование. Свесни за одговорноста што ја носиме пред граѓаните во ниту еден момент не се поколебавме и не почувствувавме недостаток на енергија.

Во духот на нашите заложби за транспарентност и за одговорност пред Вас, со кренатa глава излегувам со овој Отчет, во кој точно се наведени проектите кои ги реализиравме.

Во таа насока е и неуморната борба за отворање што поголеми можности за претставување на општината во регионот и пред меѓународната заедница, со единствена цел привлекување на инвеститори што со изградба на нови капацитети ќе создадат услови за нови вработувања. Останувам и понатаму да бидам градоначалник на сите граѓани на Општина Велес, без оглед на која политичка опција припаѓаат, притоа не отстапувајќи од дадените ветувања за кои граѓаните ни ја дадоа нивната доверба.

Градоначалник
на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев

**Се гради фабриката „Маркарт”**

Се гради новата фабрика на германската компанија „Маркарт” која се наоѓа во новоформираната индустриска зона Караслари. Фабриката ќе вработи околу 600 луѓе. Инвестицијата на „Маркарт” е првата поголема инвестиција во секторот на автомобилската индустрија. Се очекува инвестицијата да придонесе многу за развојот на локалната економија на Велес. Градежните работи во индустриската зона Караслари започнаа во почетокот на оваа година, а компанијата „Маркарт” веќе го одржа и првиот кариерен ден во Велес, на кој сите заинтересирани граѓани можеа да достават лична биографија и да се информираат за можностите за вработување.

**Целосна реконструкција на мостот „Гемиџии”**

За првпат по изградбата на мостот „Гемиџии”, оваа година тој беше целосно реконструиран и обновен, со што се отстрани опасноста по неговата стабилност. Иако предвидениот рок за завршување на работите беше една година, односно до март 2015, целокупната санација на мостот е завршена четири и пол месеци пред рокот, односно на 17-ти октомври 2014 година кога е извршен и техничкиот прием. Инвестиционата вредност за санацијата на мостот „Гемиџии” изнесува неполни 34 милиони денари, средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија.

**Рехабилитација на делницата на автопатот Велес-Катланово**

Овој зафат предвидува реконструкција на автопатот во должина од 23,5 километри и ќе овозможи зголемување на безбедноста во сообраќајот, намалување на оштетувањата на возилата, намалување на времето на патување, а тоа ќе претставува и плус за Коридорот 10 кој поминува низ нашата земја. Претходно во 2012 година заврши целосната реконструкција на патниот правец од Катланово кон Велес. Вредноста на инвестицијата изнесува 5,7 милиони евра.

**Се реконструира државниот пат А3, Велес – Штип (до Кадрифаково)**

Целта на оваа реконструкција е првенствено подигнување на нивото на безбедност на граѓаните и на сите оние кои транзитираат во овој дел, но и обезбедување на побезбедно, модерно и комфорно патување. Со овој зафат и со останатите кои се случуваат во регионот, источниот дел од државата дефинитивно ќе добие нов лик во патната инфраструктура. Вредноста на инвестицијата е во висина од 15.000.000 евра.

**Реконструкција на локалниот пат Јазла - с. Иванковци**

Во текот на 2014 година се изврши реконструкција на овој локален пат со вкупна должина од 9,7 километри. Истиот беше изграден во 1976 година, а се наоѓаше во многу лоша состојба. Со неговата реконструкција се подобрија условите за живеење на околу 2.000 жители од двете населени места, Иванковци и Мамутчево. Вредноста на инвестицијата изнесува 45.750.000 денари.

**Реконструкција на дел од регионален пат Р 1312 (од Населба Тунел до Населба Превалец)**

Должината на коловозот кој се обнови изнесува 654 метри. Целиот проект заеднички беше спроведен од страна на Општина Велес, Јавното претпријатие за државни патишта, ЈП „Македонија пат" и Македонски железници. Во склоп на овој проект се изврши санирање и на пружниот премин. Средствата за оваа намена се во висина од 5.000.000 денари.

## Пуштен во употреба пешачкиот надвозник над битолската пруга

Потребата од скратувањето на патот беше присутна години наназад. Од двете страни на пругата патот води кон градинката, две основни училишта, кон сите средни училишта, кон железничката станица и кон многу работни места на нашите сограѓани. Должината на пешачкиот мост изнесува 23 метри. Надвозникот е изграден по стандарди што обезбедуваат слободно и безбедно движење на сите категории граѓани. Средствата за овој проект беа во висина од 3.100.000 денари.

## Партерно е уредена и околината околу новоизградениот пешачки надвозник

По поставувањето на металната конструкција на новиот пешачки надвозник над битолската пруга, беа преземени активности за уредување на непосредната околина. За таа цел беше изградена пристапна патека, а просторот беше уреден со клупи, жардиниери, корпи за отпадоци и цветен расад. Со тоа жителите од овој реон на градот добија уште една навистина пријатна и уредена локација. За оваа намена беа издвоени околу 700.000 денари, средства обезбедени од локалниот буџет.

## Пуштена во употреба новата театарска зграда НУЦК „ЈХК ЏИНОТ“

Објектот вреден 732.000.000 денари е изграден на 4.200 квадратни метри и располага со голема сала со капацитет од 370 посетители и мала сцена со можност да прими од 50 до 110 посетители. Основниот сценски простор од големата сцена е од модуларен тип со три оркестарски и осум сценски платформи кои овозможуваат лесна, брза, безбедна трансформација и конфигурација на основниот сценски простор. Новиот театар значи продолжување на успешната театарска традиција на Велес и подигнување на стандардите на театарската дејност, но овојпат во еден репрезентативен театарски објект со простор кој ги задоволува светските стандарди, но и сценски простори со современи технолошки системи во кои ќе се негуваат уметноста и културата и ќе се реализираат содржини од сценско-уметнички дејности со високи технички перформанси.

## Нов кружен тек на влезот во Велес

Овој инфраструктурен проект чини околу 7.000.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Велес. Многу е значајно што оваа кружна раскрсница е всушност продолжение или почеток на патниот правец Велес – Штип до Кадрифаково, познат како експресен пат со ознака А3. Оваа инвестиција на Владата на Република Македонија и инвестицијата на Општина Велес на кружниот тек заедно ги исполнуваат условите на модерна и безбедна сообраќајница.

**Реконструкција на Градскиот стадион**

Поставена е новата висококвалитетна вештачка трева соодветна и за одигрување на меѓународни натпревари. На теренот се поставени и нови стативи а уредени се и седиштата за играчите и стручните екипи. За оваа намена досега се потрошени околу 34.000.000 денари. Реконструкцијата на стадионот беше долга и скапа постапка која започна со Одлуката на Владата на РМ за пренесување во сопственост на овој капитален објект, за веднаш потоа да биде дел од проектот на УЕФА и Општина Велес за негова реконструкција.

**Втора фаза од реконструкцијата на Спомен-костурницата**

На Спомен-костурницата во Велес се изведоа градежни активности како дел од втората фаза за санација и реконструкција на кровната конструкција. Со тоа ќе се обезбеди трајна хидроизолација која ќе спречи протекување на вода во внатрешноста. Обнова во понатамошниот период се предвидува и во внатрешноста на објектот. Со ова трајно ќе се заштити најголемиот мозаик во земјата, дело на академскиот сликар Петар Мазев. Целата реконструкцијата на Спомен-костурницата се изведува со пари од Министерството за култура. Претходно во првата фаза од овој проект се изврши санирање на поголемите оштетувања на покривот.



**Реконструкција на Гимназијата Кочо Рацин**

Во оваа зграда сместено е и ССОУ „Димитрија Чуповски”. Ова беше прва посериозна реконструкција на овој училишен објект од неговата изградба. Се интервенираше буквално на сите позиции – кровната конструкција, фасадата, прозорите, подовите. Средствата во целост ги обезбеди Владата на Република Македонија од сопствениот буџет и Банката за развој при Советот на Европа во висина од 22.000.000 денари.

## Реконструкција на ООУ „Св. Кирил и Методиј”

Благодарејќи на заложбите на МОН и Владата на Република Македонија, ООУ „Св. Кирил и Методиј” е едно од училиштата во РМ што се реконструираа со средства од Буџетот на РМ и Банката за развој при Советот на Европа. Се работеше на поставување нова кровна конструкција, замена на подната површина со нова изработена од висококвалитетен материјал, а се замени и дел од фасадата на зградата и старите прозори. Истовремено, Општина Велес од свои извори ја финансираше реконструкцијата на топловодниот систем во училиштето. Средствата за реконструкција на ова училиште беа во висина од 15.500.000 денари.

## Реконструиран е административен простор во поранешен „СИЗ”

По добивањето во сопственост на просториите на некогашниот „СИЗ”, Општина Велес превзема активности за нивна реконструкција и преадаптација. Со Одлука на Советот тие беа отстапени на времено користење на Германската компанија „Маркарт”. Во моментов таму функционира административниот центар на фабриката каде се реализираат интервјуа за работа или други видови на конкурси, обуки и други работи потребни за функционирање на компанијата.

## Изградба на нов парк во центарот на Велес

Паркот се наоѓа во дворното место на некогашниот офицерски дом, на левата страна од централната сообраќајна артерија, најфрекрвентната улица „Благој Ѓорев“. Овој дел на градот по изградбата на црквата „Св. Кирил и Методиј” и Театарот е центарот на сите случувања во Велес. Покрај современата урбана опрема, фонтаната за вода за пиење, хортикултурното уредување и овозможената лесна комуникација со околните објекти, овој парк ќе биде место за презентирање на општината. Оградниот ѕид се планира да биде простор каде на посебни паноа ќе се прикаже архитектонското богатство на Велес, а по проект на Локалната библиотека и Народниот музеј ќе се постави голем екран на кој ќе се инсталира видео презентација на општина. За оваа намена потрошени се средства во висина од 3.000.000 денари.

**Изградба на нов парк на површина пред ООУ „Васил Главинов”**

Паркот располага со зелена површина од околу 5.000 м2, во чии рамки е изградена прекрасна фонтана, летниковци, патеки и други интересни содржини. Посетеноста на паркот е огромна во секој период од денот. Со уредувањето на оваа зелена површина овој дел од градот доби сосема нов поубав лик, а Велешани добија уште едно место каде што можат да го поминуваат своето слободно време. Вредност: 5.000.000 денари.

**Поставена е урбана опрема на пешачката патека околу Езерото Младост**

Во рамките на овој проект, на патеката беа поставени клупи, маси, корпи за отпадоци и летниковци. Проектот е со вредност од 1.766.940 денари, од кои 1.222.109 ги озбебеди АФПЗРР, а 522.831 денари се од Буџетот на Општина Велес. Со поставувањето на урбана опрема на пешачката патека околу Езерото Младост се создадоа пријатни места за одмор и рекреација на граѓаните кои овде го поминуваат своето слободно време.

**Пуштен во употреба водоснабдителниот систем до езерото Младост**

Со реализација на овој проект, покрај крајбрежјето на езерото, ќе се реши и водоснабдувањето и на жителите на Башино Село, Населба Речани, с. Отовица, с. Сојаклари како и на останатите населени места. Со чиста и исправна вода за пиење ќе се снабдат повеќе од 4.000 жители од овој дел. Цевководот е долг околу 9 километри, а се градеше приближно 3 години. Средствата за овој проект во вредност од 42 милиони денари, се обезбедени со заем од Светска банка преку Министерството за финансии.

**Се гради водоснабдителен систем во Индустриската зона „Караслари”**

Во Индустриската зона „Караслари” во тек се градежните активности за изградба на водоснабдителен систем. Вредноста на овој проект изнесува околу 10.000.000 денари, средства кои ќе бидат обезбедени од локалниот буџет. Со изградбата на системот за водоснабдување целосно ќе се задоволи потребата за вода не само на индустриските капацитети во зоната туку и на селото Караслари.

**Се заменија вентилите на браната на Езерото Младост**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Македонија обезбеди средства во висина од 3.100.000 денари за санација на старите затворачи како и за вградување на два нови. Со оваа промена акумулацијата е сигурен извор на вода за 250 хектари лозови насади и безбедно место за рекреација на бројните гости на овој туристички локалитет.

**Реконструкција на уличното осветлување**

Со проектот за реконструкција на уличното осветлување досега се заменија 2915 живини светилки (154 улици во градот и во 25 рурални населби). Исто така се обновија и 445 живини светилки со 340 натриумови на постоечките канделабри во градот. Целта на целиот проект е целосно осветлување на сите улици, паркинзи и јавни простори на територијата на општината; употреба на енергетски ефикасни светилки; зголемување на работни часови на светилки од 4.000 до 12.000; заштеди во потрошената енергија. Најзначајно во целата работа е што враќањето на инвестицијата е за 4.5 години, пресметано според заштедата на електрична енергија од новите светилки. Вкупната вредност на овој зафат изнесува околу 19.000.000 денари, средства обезбедени со заем кај Светската банка преку Министерството за финансии.

**Асфалтирање на дел од улица „Белградска” во должина од околу 100 метри, вредност: 510.000 денари**

**Поплочување на сервисната улица до новиот театар во должина од околу 170 метри, вредност: 700.000 денари**



**Реконструкција со асфалтирање на дел од улица „Вардарска”**
**Вредност: 1.800.000 денари**

**Изградба на тротоар од Населба Тунел до Населба Превалец**

Во изминатиот период овој дел претставуваше јавна и неуредена површина, а жителите ја користеа во секојдневната комуникација со градот. Со нејзиното уредување и изградба на тротоар значително се зголеми сигурноста во движењето на пешаците и одвивањето на сообраќајот на оваа локација. Вредност на проектот: 1.800.000 денари.

**Уредување на улица „8-ми Март” со изградба на паркинг простор**
**Вредност: 1.800.000 денари**

**Поплочување на дел од улица „Васил Главинов”**
**Вредност: 450.000 денари**

**Бетонирање на дел од улица „Вера Циривири”**
**Вредност: 300.000 денари**

**Бетонирање на крак од улица „Тодор Христов Офицерчето” (зад Жаба зграда) во должина од 150 метри**
**Вредност: 490.000 денари.**

**Бетонирање на улица „Лазо Трпков” со вкупна должина од околу 450 метри, вредност: 1.500.000 денари**

**Бетонирање на дел од улица „Благој Нечев” со вкупна должна од околу 400 метри, вредност: 550.000 денари.**

**Бетонирање на дел од улица „Невена Ѓорѓиева Дуња”**
**Вредност: 550.000 денари.**

**Бетонирање на дел од улица „Стојан Бурчевски Буридан”**
**Вредност: 140.000 денари.**

**Бетонирање на крак од улица „Максим Горки”**
**Вредност: 130.000 денари**

**Бетонирање на дел од улица „Димко Најдов”**
**Вредност: 115.000 денари**

**Бетонирање на улица „Коле Димов – Витамин” и дел од улиците „Прохор Пчински”и „Благој Страчков”**
**Вредност: 700.000 денари**

**Бетонирање на улица „Загребска”, вредност: 310.000 денари**

**Бетонирање на дел од улица „Андон Ќосето”**
**Вредност: 160.000 денари**

**Бетонирање на дел од улица „Браќа Поп Јорданови”**
**Вредност: 140.000 денари**

**Крпење на улици со топла асфалтна маса**

Општина Велес изминатата година реализираше неколку акции за крпење на ударните дупки на градските сообраќајници. Се работеше на реконструкција на улиците и санирање на коловозот од предизвиканите штети. Со топла асфалтна маса беа закрпени сите улици кои се од витална важност за нормално одвивање на сообраќајот. Средствата во износ од 4.277.963 денари за градежните работи беа обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

**Изграден е паркинг простор на улица „Петре Прличко” непосредно до Автобуска станица**

Просторот наменет за паркирање е со површина од околу 1.800 м2 и капацитет за 100-тина возила. Со изградбата на овој паркинг простор се намали гужвата од левата страна на градот, но и од централното градско подрачје. Средствата за овој градежен зафат беа во висина од 2.000.000 денари.

**Поставување на забавувачи на брзина на патот**

На неколку сообраќајници во Општина Велес (2 на улица „Алексо Демниевски Бауман”, 1 на улица „АСНОМ”, 2 во с. Раштани и 1 во Населба Превалец) се поставија забавувачи на брзина на патот. Поставувањето на ваквите забавувачи на брзина има за цел да ја зголеми безбедноста и заштитата на пешаците во сообраќајот како и избегнување на сообраќајните незгоди кои најчесто се случуваат поради неприлагодена брзина на патот. За оваа намена беа потрошени околу 400.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на општината.

**Санирана е кровот на Градскиот пазар во Нова населба**

Оваа година се изврши санација на кровната конструкција и внатрешните ѕидови од Градскиот пазар во Нова населба, обврски кои произлегуваат од претходно склучениот договор на ЈКП „Дервен” со „КАМ” маркет. Реконструкцијата на покривот и внатрешното уредување на пазарот придонесе за подобрување на условите за работа на продавачите на тезги, а благодет имаат и граѓаните затоа што имаат можност да пазарат во современ продажен простор. Зголемувањето на фрекфенцијата на купувачи придонесе и за заживување на пазарот во овој дел на градот.

**Уредување на простор пред ЈЗУ „Здравствен Дом” Велес**

На улица „Шефки Сали” во тек се градежни активности за уредување на просторот. На оваа локација ќе биде поставена фонтана која е донација на велешка фамилија која сега живее во Истанбул, Република Турција. Местото ќе биде уредено и со парковски клупи, корпи за отпадоци, канделабри и друга урбана опрема.

**Изградба и реконструкција на водоводни и канализациони линии**

Во 2014 година се изврши реконструкција на водоводни линии на повеќе улици од градот, и тоа: дел од ул. „Љубљанска" и дел од ул. „Костадин Бодин, ул. „Мирче Ацев", „Димко Најдов", „Маца Овчарова", „Богдан Прличков", „Белградска", „Коле Цветков", „Борис Карпузов", „Гемиџиска", „Мицко Козар", „Максим Горки"и „Браќа Кошулчеви". Исто така на улицата „Тодор Јанев" оваа година беше изградена и нова водоводна и канализациона линија како и механизам за регулирање на притисокот . На крајот од годината се отпочна со изградба и на канализациона линија на Езерото Младост.

**Решавање на проблемот со водоснабдување на жителите од Населбата „Порцеланка"**

Во месец Декември оваа година започнаа градежните активности за поврзување на Населбата „Порцелака" со водоснабдителниот систем кој минува низ селото Горно Оризари. Со тоа конечно ќе се реши долгогодишниот проблем со кој се соочуваа жителите од оваа велешка населба. Истиот се наметна откако некогашниот индустриски гигант Фабриката за плочки „Порцеланка", престана со работа а притоа беше прекинато и функционирањето на резервоарите со вода од кои се снабдуваше локалното население. Вредност: 400.000 денари.

**Поставување на ракофати во високите зони од градот**

Во текот на 2014 година се изврши поставување на ракофати на неколку локации во високите зони на градот (ул. „Тоше Саздов", „Климент Охридски", „Благој Леов", „Браќа Кошулчеви", „Славе Петков", „Максим Горки", „Рајко Жинзифов", „Ордан Џинот", „Вера Цировири", „Ѓорче Петров", „Јовче Чучук", „Ристо Најдов" и др.). Вредност: 1.500.000 денари.



**Изградба на потпорни ѕидови**

Изминатата година се изградија потпорни ѕидови на следните улици: „Ганчо Хаџи Панзов", „Никола Јонков Вапцаров", „Рилски Конгрес", „Љубљанска", „Трајко Митев", „Јовче Тикваров", „Костурска". Исто така се изврши и отстранување на карпа на улица „Димко Најдов" која претставуваше потенцијална опасност по индивидуалните објекти. Севкупната вредност на овие проекти изнесува1.100.000 денари.

**Поплочување на тротоар пред новата театарска зграда, вредност: 700.000 денари**

**Поплочување на простор пред комплекс згради на улица „Никола Карев”, вредност: 240.000 денари**



**Поплочување на партер пред зграда на улица „Борис Трајковски”, вредност: 117.000 денари**

**Поставен видиковец на улица „Васил Главинов” во близина на Трговскиот центар, вредност: 55.000 денари**

**Реконструкција на скали на улица „Ристо Најдов - Шајката”, вредност: 40.000 денари**

**Проширување на атмосферски канал на улица „11-ти Октомври” во близина на Салонот за мебел „Симпо” и уредување на тротоар, вредност: 250.000 денари**



**Изградба на улица која минува низ центарот на с. Иванковци**

Во с. Иванковци во текот на 2014 година се извршија повеќе крупни градежни активности. Еден од нив беше и проектот за изградба на улица која ќе минува низ центарот на селото во должина од неполн километар. Општина Велес овој проект го доби од Владата на Република Македонија како дел од Програмата за рурален развој. Вкупната вредност е во висина од околу 8.500.000 денари.

**Изградба на колектор со пречистителна станица во с. Раштани**

Проектот предвидува изградба на фекална канализација во ова населено место. Од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за оваа цел се доделени вкупно 4.974.606 денари. Овие мерки на Владата на Република Македонија ја покажуваат намерата за подобрување на квалитетот на животот во рурални средини, обнова и развој на селата и зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја.

**Во село Црквино се гради водоснабдителен систем**

Со цел да се подобри водоснабдувањето на селото Црквино каде живеат околу 360 жители, а со тоа да се создадат и услови за подобрување на животниот стандард, во ова велешко село се гради нов водовод со кој ќе се носи вода до секоја куќа. Финансиската рамка на проектот изнесува околу 6.500.000 денари. Овие средства се обезбедени од Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, склучен помеѓу Република Македонија и Европската инвестициона банка. Истиот се реализира од страна на Министерството за транспорт и врски и општините.

**Бетонирање на улица „Санџачка” во с. Горно Оризари во должина од 170 метри, вредност: 360.000 денари**

**Бетонирање на улица во с. Раштани во должина од 145 метри, вредност: 267.000 денари**



**Бетонирање на улица во с. Караслари и уредување на канал во центарот на селото, вредност: 354.000 денари**

**Бетонирање на улица во с. Мамутчево во должина од 160 метри**
**Дополнително пробивање и тампонирање на улица во селото во должина од 100 метри, вредност: 342.000 денари**

**Бетонирање на улица во с. Отовица**
**Вредност: 258.000 денари**

**Во село Клуковец се изврши реконструкција на училишните тоалети и поврзување на истите со канализациониот систем и системот за обезбедување на техничка вода. За оваа намена од Буџетот на Општина Велес беа издвоени средства во висина од околу 300.000 денари.**

**Изградена е нова трафостаница во с. Караслари за потребите на водоснабдителниот систем**

Трафостаницата која е сопственост на локалната самоуправа, изградена е за да врши напојување на пумпите за вода, но при изградбата на трафостаницата водено е сметка и за идните потреби од снабдување со вода. Проектирана е за покренување на пумпи за вода за двојно и тројно поголема литража од моменталната. Оваа количина е сосем доволна за да ги задоволи потребите како на населеното место Караслари така и на новоформираната индустриска зона во оваа област. Останатиот проток на вода ќе на биде располагање за следните индустриски објекти и викенд куќи коишто ќе се градат. Новата трафостаница, Општина Велес ја чинеше 800.000 денари.

**Канавки за одводнување на локалниот пат за село Ораовец**

Во с. Ораовец беше изграден канал за одводнување во должина од 250 метри кој ќе ја собира изворската вода што минува низ селото. По барање на жителите на селото, а во соработка со стручните служби на локалната самоуправа беше одлучено овој канал да се изгради од собирни бетонски елементи, со вкупна вредност од 550.000 денари. Инаку изминатата година во ова велешко село беше завршено и асфалтирањето на планираните 1.500 метри од патот. Реализацијата на овој проект беше финансирана од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој и од буџетот на Општина Велес, а врз база на претходно одобрен проект на општината.

**Реконструирана е автобуската постојка во с. Кумарино**

**Асфалтирање на улица во с. Бузалково која води до с. Сливник и с. Р'левци и е во должина од околу 150 метри**
**Вредност: 700.000 денари**

**Тампонирање на: патот до с. Горно Караслари, с. Сопот, с. С'лп, с. Сливник, с. Рлевци, патот од Порцеланка до с. Горно Оризари, улица во с. Чолошево и др.**



**Тампонирање со струган асфалт на повеќе улици во општината:**

- **Улица „Панче Васков" во Населба Речани - два крака;**
- **Дел од улица „Васа Кошулчева";**
- **Крак од улица „Павел Шатев" - Населба Керамидна;**
- **Крак од „Невена Ѓеорѓиева Дуња" – пристап кон комплекс згради (Сив дом);**
- **Улица во село Отовица и други.**

**Продажба на градежно земјиште**

Во текот на 2014 година во Општина Велес беа продадени вкупно 18 плацови за изградба на објекти за домување (8), деловни објекти (4) и објекти за индустриска намена (6) во индустриската зона „Караслари".





**Урбанистичко-планска документација за индустриската зона Речани 2**

Во текот на 2014 година беше донесена урбанистичко-планска документација за индустриската зона Речани 2. Во наредниот период ќе следи продажба на парцелите на потенцијалните инвеститори со цел развој на локалната економија и отворање нови работни места.

### Се интензивира процесот на легализација на дивоградбите

Доделувањето решенија за веќе легализираните дивоградби во Општина Велес продолжува да се реализира со несмален интензитет. Во Општина Велес во текот на 2014 година беа легализирани околу 1.000 бесправно изградени објекти, со што вкупната бројка на легализирани дивоградби изнесува околу 2.050. Процесот на легализација со забрзано темпо ќе продолжи да се одвива и во текот на наредниот период како би се зголемила динамиката на решени случаи во инитерес на граѓаните.

### Урбанистичко планирање

Во текот на 2014 година беа превземени повеќе активности кои се однесуваат на урбанистичкото планирање, а сето тоа во функција на севкупен забрзан развој на општината. Во таа насока беа донесени три (3) ДУП кои опфаќаат површина од 75,6 ха, една (1) измена на ГУП со површина од 28,68 ха и една (1) ЛУПД за КО Караслари.





### Започната е изградбата на фекална канализација на Езерото „Младост“

### Доделени 158 уверенија за авто-такси возачи

Општина Велес успешно ги спроведува одребите од Законот за превоз во патниот сообраќај според кој авто-такси возачите потребно е да добијат уверение односно сертификат за вршење на оваа професија. Во тој правец изминатиот период беа доделени вкупно 158 уверенија на кандидатите кои го положија предвидениот испит за авто-такси возачи, а полагањата ќе продолжат и во иднина. Со добивањето на овој сертификат значително ќе се подобри услугата во вршењето на такси превозот во општината.



### Новогодишно украсување

Со цел да се создаде пријатна празнична атмосвера, во пресрет на новогодишните празници, Општина Велес превзема активности за што поголемо украсување на јавните површини. Овогодинешното руво на градот претставува вистинско задоволство за граѓаните. Богатата декорација со украси и светлечки реквизити ќе ја донесат новогодишно - божиќната атмосфера во вистинско светло.



**Реконструирана е зградата на поранешното Радио Велес**

Општина Велес ја отстапи на користење зградата на поранешно Радио Велес на Центарот за развој на ВПР по претходно донесена одлука од страна на Советот на Општина Велес. Објектот ќе се користи како седиште на Мрежата за инклузивен развој, проект поддржан од УНДП. Исто така објектот ќе се користи и за редовното работење на Центарот поради зголемените работни ангажмани како резултат на зголемениот број на проекти што се во фаза на имплементација, зголемениот број на вработени и потребата од дополнителен простор. Вкупниот буџет на проектот е околу 900.000 денари од кои 600.000 денари ЦРВПР ги обезбеди од страна на донатор, Програма за развој на ОН – УНДП, а остатокот од средствата ќе бидат исплатени од редовната сметка на Центарот.

**Реконструиран е Народниот музеј во Велес**

После 40 години направена е значајана реконструкција на Народниот музеј во Велес. Со сопствени средства од 976.000 денари санирана е кровната конструкција на музејската зграда, променети се олуците со што се елиминирани причините за влагата што се појавуваше во овој објект. Исто така санирани се последиците од влагата во Археолошкото одделение на музејот и создадени се услови за правилно чување на депонираните музејски артефакти. Во административната зграда на Народниот музеј сменета е влезната врата, прозорците, подот и санирани се ѕидовите со што е направена целосна топлинска изолација во објектот.



**Спортската сала „Гемиџии” доби сончев систем за топла вода**

Проектот е финансиски поддржан од Глобалниот еколошки фонд, Програмата за мали грантови, со буџет од 20.400 $. Истиот ќе се спроведува во партнерство со Општина Велес и „Леов Компани”, кои се и кофинансиери со вкупен буџет од 50% од вкупната доделена сума од донаторот. Конкретни цели се: намалување на потрошувачката на електрична енергија и емисија на CO2 во спортската сала „Гемиџии”; градење на капацитети и подигнување на еколошката свест за намалување на штетното влијание на стаклени гасови; промоција на бенефити од користење на енергетско обновливи извори на енергија.

**ОУД „Лазар Лазаревски” е пристапен и за лицата со инвалидност**

Со изградбата на пристапните рампи Ученичкиот дом „Лазар Лазаревски” ја сруши бариерата која досега ја имаа лицата со хендикеп, овозможувајќи еднаков третман на сите граѓани во општеството. На овој начин секој посетител или корисник на услугите може да ја посети институцијата без никаков проблем.



**Реконструкција на топловодни системи во ООУ „Васил Главинов”, ООУ „Благој Кирков”, ООУ „Блаже Конески” и Противпожарен дом**

Оваа инвестиција се постави како врвен приоритет во образованието затоа што системите за затоплување на училишните згради воведени уште при изградбата досега многу ретко биле подложни на реконструкција. Со ова уште еднаш се покажуваат заложбите на Локалната самоуправа за инвестирање во образованието како главен приоритет.

**Се реализираше проектот „Шах на отворено”**

Со изградабта на просторот за одигрување на „Шах на отоворено”, се создава можност за повторно актуелизирање на оваа популарна игра меѓу велешани. Инаку шахот во Велес има долга традиција. Низ времето се истакнале многу велешани кои постигнале значителни успеси при натпреварувањата, а најголем успех постигнува шахистот Оливер Органџиев со мајсторска титула и освоени повеќе првенства.

**Велес вклучен во ИПА проект за енергетска ефикасност**

Општина Велес преку ИПА ќе го реализира проектот „ЕНЕРЏИНЕТ” чија цел е поставување на термоизолациони фасади за енергетска ефикасност во 5 објекти на детската градинка „Димче Мирчев“ како и реализација на останати активности во областа на енергетската ефикасност. Вредност: 9.145.000 денари.

### Велес доби „Урбан ѕид”

Во реализацијата учествуваа 20-тина ученици од средните општински училишта кои цртаа апстрактна композиција на портокалова основа, со акрилна фасадна боја и спрејови. Површината за изведување на проектните активности се наоѓа на спојот на улицата „Благој Ѓорев“ со „Тодор Јанев“ т.е. потпорниот ѕид меѓу двете улици, под Трговскиот центар. Инаку Општина Велес е дел од проектот „Урбан Ѕид” поттикната од идејата за вклучување на младите кои на овој начин имаат можност да ја искажат својата креативност и истовремено се вклучат во напорите за разубавување на нашиот град.



### Отворени се две паралелки за фудбал и ракомет во склоп на СОУ „Гимназија Кочо Рацин” Велес

Целта на Спортската академија е учениците, спортски таленти да се оспособат да постигнуваат врвни спортски резултати и да се подготвуваат од рана возраст да станат членови на националните спортски селекции за фудбал, ракомет, кошарка и тенис. Учениците се подложени на посебна, специјално за оваа намена, креирана програма за образование и тренинг.

### Изградени се три вежбалници

Со изградбата на вежбалниците, две во Градскиот парк, и една кај Салонот за мебел „Симпо”, се исполнуваат барањата на голем број спортисти и млади луѓе од градот кои ќе можат да вежбаат и да го поминуваат своето слободно време. Сите оние што имаат потреба да вежбаат ќе можат бесплатно во било кое време од денот да ги користат овие спортски реквизити. Ваквите вложувања се уште еден доказ дека општината посветува големо внимание на сите видови спорт вклучувајќи ги како училишниот така и рекреативниот. Средства: 510.000 денари.

**Завршуваат градежните работи на двете тениски игралишта во Градскиот парк**

Изградбата на терените ќе значи и финализирање на спортскиот комплекс во Градскиот парк, кој опфаќа терени за мал и голем фудбал, игралиште за одбојка на песок и спортската сала „Гемиџии" со сите нејзини содржини. Сите активности во овој спорт, кој е се по популарен посебно кај младите досега се изведуваа на адаптираното тениско игралиште во Градскиот парк попознато како „ракометното". На овој начин тенисерите конечно ќе ги имаат основните услови за работа, тренинг и одигрување на натпревари.

**Изградба на ново повеќенаменско спортско игралиште во с. Иванковци**

Изградбата ја финансира Агенцијата за млади и спорт, а вкупната сума потребна за реализација на овој проект изнесува околу 8.000.000 денари. Повеќенаменското игралиште е долго 45 метри, широко 28 метри, а истото ќе биде и осветлено. Со неговата изградба младите од ова населено место имаат можност да рекреираат и спортуваат, со што и се подобруваат условите за живеење во селото.



**Реконструкција на кошаркарското игралиште во урбаната заедница Шорка, вредност: 200.000 денари**

**Реконструкција на подот од сцената на салата „Бели мугри", вредност: 300.000 денари**

**Поделени се првите бесплатни канти за комунален отпад**

На улиците: „Костурска”, „Андреја Дамјанов”, „Пајак Планина” и „Партение Зографски” беа поделени првите 230 бесплатни канти за отпад. По завршувањето на овој пилот проект и сумирање на резултатите, во текот на наредната година ќе се зголемува интензитетот на акцијата се со единствена цел порационално управување со отпадот и почиста животна средина. Вредност: 280.000 денари.

**Чистење на диви депонии и речни корита**

Во изминатата година се спроведоа низа акции во рамките на Програмата за заштита на животната средина во кои се изврши чистење на речното корито на реката Вардар, Отовичка Река, Дервенски Поток, дивите депонии во с. Мамутчево, с. Раштани и с. Караслари, с. Горно Оризари, Индустриска зона Речани, зелената површина на лева страна од пристапен пат кон Езеро Младост, брегот на Битолска пруга на потегот надвозник, „Жито Вардар” – Комплекс УЗУС. Исто така беше извршено и комплетно оградување на општинската комунална депонија.

**Мамутчево и Караслари се дел од системот за управување со отпад**

Заради невоведената услуга во минатото, во населените места често се јавуваа диви депонии. Општината во соработка со ЈКП „Дервен”, а согласно активностите предвидени во Програмата за управување со отпад за 2014г. се зафати да го исчисти просторот од диви депонии и внесување на населените места Мамутчево и Караслари во системот за управување со отпад.

**Се засадија 130 липи и 20 врби во градот**

Садниците од липа беа донација од страна на бизнис заедницата во Велес, за почиста и позелена животна средина. Липата расте брзо, а погодна е за садење во паркови и дрвореди поради дебелата сенка, што се должи на густината на листовите. Садниците од врба ги обезбеди ЈКП „Дервен”.



**Засадени 3.500 рози како дел од акцијата „Македонија земја на цвеќето – земја на розите”**

Оваа акција ќе има долгорочни позитивни ефекти по животната средина и здравјето на луѓето. Розите се повеќегодишно украсно растение, кои апсорбираат големи количини на олово и кадмиум во себе. Овие тешки метали се исклучително штетни за здравјето на луѓето. Експертите препорачуваат градот да биде збогатен со рози покрај сообраќајниците, улиците или на било кој отворен простор, затоа што тоа би имало повеќекратно позитивно дејство.

**Стипендии за талентирани ученици и студенти**

Општина Велес и во учебната 2014/2015 година ќе стипендира 8 талентирани ученици и 8 талентирани студенти. Висината на стипендијата за талентираните ученици изнесува 1.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2014/2015 година, додека за студентите овој износ е 2.000,00 денари. Со ова Општина Велес продолжува и понатаму во напорите за поттикнување, стимулирање и мотивирање на талентираните ученици за постигнување на солидни резултати и нивно вклучување во општествено-економскиот живот и развој на општината.

**Општина Велес, согласно Програмата за социјална заштита и оваа година обезбеди парични средства (по 1.700 денари) за 28 деца без родителска грижа во општината**

**По повод Светскиот ден за борба против гладот, Општина Велес оддели 20.000 денари со кои ќе им се помогне на 10 семејства со по 2.000 денари**

**Успешна организација на 11-тата по ред „Велешка питијада” 2014 година**

Од 10-12 Октомври Велес живееше во знакот на 11-тата по ред „Велешка питијада” 2014 година. Градот трите дена вкупно го посетија повеќе од 50.000 граѓани од Македонија, од кои во текот на вториот ден околу 25.000. Во сите три дена на „Велешката питијада” беа продадени 54.600 пити и 16,7 тони вино. Годинава Велес, Питијадата ја преобрази од локална во национална манифестација. Останува во годините што следат да останеме на оваа позиција и да вложиме напори манифестацијата да ја направиме уште поубава.



**51-ви Рацинови средби. Велес се поклони пред великанот**

Младинскиот парк во Велес беше местото каде оваа година се одржа централната манифестација за одбележување на 51-те Рацинови средби. Присутните имаа можност да бидат дел од прекрасната хрватска поетска вечер и свечено врачување на признанијата. На централната манифестација и претходеше процесија насловена како 1000 свеќи за Рацин, своевиден сценско-музички перформанс распореден на клучни локации – симболи за Велес и Рацин.

**70 години слободен Велес**

Велес како урбано јадро на овие балкански простори егзистира од 123-тата година пред нашата или цели 2137 години. Сублиматот на сите револуции во оваа милениумска угорна патека на развојот на Велес е 9-ти Ноември 1944 година. Овој светол историски настан денес Советот на Општина Велес го одбележа со свечена седница која се одржа во салата „Бели мугри". На оваа манифестација беа врачени и деветтоноемвриските награди и признанија на овогодинешните добитници.

**11-ти Интернационален фолклорен фестивал „Велес 2014“**

Ова лето Велес повторно беше домаќин на 11-тиот Интернационален фоклорен фестивал „Велес 2014”. Фолкорната плетенка што ја сочинија 10-те странски и исто толку домашни фолклорни ансамбли уште еднаш посведочија дека најубав јазик за разбирање е играта и песната, традицијата и обичаите. Велес уште еднаш потврди дека е град на мостови но овој пат на мостови на пријателството што обединуваат и градат трајни врски меѓу народите.

**13-ти Интернационален фестивал на античка драма „Стоби 2014”**

И ова лето театарските уметници повторно го вратија животот на археолошкиот локалитет Стоби. Фестивалот на античка драма, кој стана предизвик за најупорните, најхрабрите, инвентивните и креативните го претвори монументот Стоби во стожер на културниот растеж. На фестивалот во официјална конкуренција се натпреваруваа три претстави, а на крајот беа доделени и наградите за најдобра женска и машка улога, за најдобра режија и најдобра претстава.

**Концерт „Апасионато”**

**„Езерки“ и оркестарот „Седум осмини“ одржаа концерт за паметење**

**„Мото забава“ по петти пат во Велес**

**Крводарителска акција во чест на празникот 9-ти Ноември**



**Концерт на Ансамблот на Пеце Атанасовски**

**Одбележан двојниот Илинден**



**Промоција на збирката афоризми „Кочење во тројка”**

**Одбележан Денот на македонската револуционерна борба**

**Отворен 12-тиот Меѓународен салон на стрип**

**10-та Ликовна колонија „Папрадишки мајстори”**

**Велес го одбележа Денот на пожарникарството**

**111 години од саможртвата на Гемиџиите**



**Смотра на старогрдски македонски песни**

**11 Октомври – Денот на народното востание на македонскиот народ**

**Турнир на пеливани во Бузалково**

**Концерт дуо пијано – Габриела Бачманова и Илија Настовски**

**47-ми Детски Рацинови средби**

**Концерт на Нино Величковски и Кумановски тамбураши**

## Се интензивира комуникацијата со урбаните и со месните заедници

Изминатава година Градоначалникот м-р Славчо Чадиев и Претседателот на Советот, Александар Колев, оствари низа средби со жителите на урбаните и месните заедници. На средбите, жителите се запознаа со тековните активности на локалната самоуправа, а притоа ги изнесоа приоритетите и проблемите со кои тие се соочуваат во секојдневното живеење.

Велес, според анализата на ФДИ магазинот на Фајненшл тајмс, е лидер за инвестирање во категоријата микро град.

Примена на асистивната технологија во редовното и средното образование

Општина Велес со високо ниво на одговорност, транспарентност и отчетност во спроведувањето на јавните набавки

Јавни расправи по нацрт-програмите за работа на општината во 2015

Отворена канцеларија за поддршка на женското претприемништво

Младите сограѓани во посета на локалната самоуправа

Кампања „Антибиотиците не се храна за да ја одбираш без лекар”

Тројка во Велес

Безбедноста во сообраќајот е прашање од огромна важност за секого

Посета на с. Бузалково за време на верскиот празник Рамазан Бајрам

Општински противпожарен квиз натпревар

Акција „Ден на дрвото 2014“

## Претседателот Ѓорге Иванов во посета на Општина Велес

Изложба „Балканските војни во Македонија 1912-1913”

„Македонска душа“ со концерт во чест на Илинден

Велес го одбележа Денот на Европа и Денот на победа над фашизмот



Етно-работилници во Куќите на уметноста

Празнична прослава по повод „Св. Кирил и Методиј“

Баскерфест

Концерт на Ансамбл „Танец” на 11-тиот ИФФ „Велес 2014“

Велес го славеше делото на заштитникот Св. Вмч. Пантелејмон

Велес го одбележа 23-тиот роденден на Република Македонија



## Прв велешки пливачки маратон 2014

Првиот Пливачки велешки маратон беше организиран од ОО Црвен крст Велес – Безбедност на вода и Кајак клубот „Бабуна" од Велес, а под покровителство на Општина Велес и Пливачката федерација на Република Македонија. Тоа што маратонот се одржа на Езерото Младост дополнително е во прилог на промовирање на оваа локација во туристичко-рекреативна дестинација за вљубениците во сите спортови на вода но и за рекреативците и љубителите на природата. Иако ова е прв маратон на Езерото Младост, Општина Велес ќе стори се тој да стане традиционален. За следната година во Програмата за спорт на општината е издвоен како посебна спортска манифестација со свој буџет. Ова ќе го зголеми интересот на учесниците и на јавноста, но и ќе ја потврди нашата сериозност во намерата да вложиме во пливањето како спорт исто толку енергија и средства колку и за развојот на другите спортови.

Велосипедски караван „Од сон до сонце"

Отворено првенство на Македонија во кајак и кану Велес – 2014

Прием на ракометарите на ГРК Борец

Гемиџиите на новото време по 16-ти пат запловија по Вардар

Во Велес се реализираше проектот Спортски Бон-Тон

Нашите улици – Наш избор

Велес дел од Трката на мирот

ГРК „Борец" засилени и освежени во новата ракометна сезона

**Соработка со збратимениот град Слобозија**

**Продолжува соработката со Франција во заштитата на архитектонското наследство**

**Промоција на Велес во Швајцарија**

**Учениците од Новогард во посета на Општина Велес**

**Амбасадорот на САД и градоначалникот волонтираа во Хабитат**

**Стрипот не спријатели со Белгија**

**Средба со француската амбасадорка**

**Средба со заменик-амбасадорот на Германија, Ханс Хелге Зандер**

**Средба со белгиската амбасадорка**

**Работна посета на Република Полска**



**Работна посета на градот Силистра од Република Бугарија**



**Делегација на Велес во посета на збратимените турски општини**



**Потпишан договор за соработка со регионот Голењов од Р. Полска и ВПР**

**Посета на збратимениот град Сомбор**

**Младите – носители на соработката Велес –Шербур**

# ОТЧЕТ

## НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 2014

ОПШТИНА ВЕЛЕС